**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 08-15**
**13.01.2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-562 од 03.01.2020 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година и Заклучокот бр.02-182/2 од 13.01.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 2-та седница одржана на 13.01.2020 година, донесе:

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 1-та седница одржана на 03.01.2020 година, согласно Заклучокот 02-34/4 од 03.01.2020 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-562 од 03.01.2020 година со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година, поради неисполнување на обврската од член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради тоа што радиодифузерот престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-562 од 03.01.2020 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година и Заклучокот бр.02-182/2 од 13.01.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 2-та седница одржана на 13.01.2020 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово;
- Зоран Тодоровски – законски наследник;
- Томислав Тодоровски – законски наследник;
- Јасна Тодоровска - законски наследник
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Сектор за правни работи;
- Сектор за финансии и логистика
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1; и
- Агенција за електронски комуникации.